**20180110123**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 јануари 2018 година.

Бр. 08-368/1
15 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА

Член 1

Во Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), во членот 29 став (3) точка 5) во алинејата 4 сврзникот „или“ се брише.

Во алинејата 5 точката и запирката се заменуваат со сврзникот „или“.

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)“.

Точката 6) се брише.

Член 2

Во членовите 76-в, 76-г, 76-д ставот (4) се брише.

Член 3

Во членот 76-ѓ став (3) во алинејата 1 зборот „шест“ се заменува со зборот „осум“.

Ставот (4) се брише.

Член 4

Во членот 76-е став (4) се брише.

Член 5

Во членот 77-ѓ став (3) зборовите: „еден е од редот на истакнати уметници од Република Македонија, а четворица од странство“ се заменуваат со зборовите: „од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за вработување.“.

Член 6

Во членот 77-л став (3) зборовите: „од кои еден е од редот на истакнати уметници од Република Македонија и четворица се истакнати уметници од странство“ се заменуваат со зборовите: „од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција.“.

Член 7

Во членот 82 став (2) во алинејата 5 бројот „300“ се заменува со бројот „240“, а по зборот „правото“ се става запирка и се додава зборот „филозофијата“.

Алинејата 8 се менува и гласи:

„- поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и“.

Алинејата 9 се брише.

Член 8

Одредбите од членот 29 став (3) точка 5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), и одредбите од членот 1 од овој закон, со кои во членот 29 став (3) во точка 5 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 9

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 10

Постапките за вработување на уметник во установите од областа на културата и постапките за реаудиција на уметниците од категоријата А, започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат според одредбите од овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.